МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

# С Т А Т У Т

Скопје, Јануари 2024

Врз основа на членовите 5, 18, 23, 76 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РСМ бр. 53/10 и 135/11), член 14, 15 и 22 став 1 алинеа 1 од Законот за спорт (Службен весник на РСМ бр. 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 106/16 и 190/16) како и и членот 26 од Статутот на Македонската Спортско Качувачката Федерација, Собранието на Федерацијата на седницата одржана на 24.01.2024 година, го усвои следниот:

# **С Т А Т У Т**

**на**

## **МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Македонска Спортско Качувачка Федерацијата (во понатамошниот текст МСКФ) е Федерација која е одговорна за спортското качување, работи на негово унапредување, во развивање на аматерските и професионалните спортски качувачи на вештачка и природна карпа на цел регион на Република Северна Македонија, со што придонесува за целокупниот развој на спортот во Северна Македонија.

Член 2

Клубовите се здружуваат во МСКФ заради остварување на поширок општествен интерес преку што се задоволуваат потребите од стручна и друга помош.

Член 3

МСКФ е единствена национална спортска федерација за спортско качување.

Член 4

Член на МСКФ може да биде секој клуб кој е регистриран како здружение спортско качувачки и качувачки клуб со добиено решение за вршење дејност спорт – спортско качување од Агенцијата за Спорт и Млади при Влада на РСМ и кој доброволно ќе пристапи кон МСКФ.

Член 5

Зачленувањето на клубовите во МСКФ се врши со плаќање членарина за тековната година.

МСКФ за своите членови води регистар на членството, кое се ажурира еднаш годишно и стои на официјалната веб страна на МСКФ. Ажурирањето се врши на

крајот од секоја календарска година со пополнување Пријава за членство за наредната календарска година и со тоа се докажува активноста на клубот.

Член 6

МСКФ не може да врши политички активности или да користи имот и средства за остварување цели на политичка партија.

Член 7

МСКФ може да основа друштва со ограничена одговорност и Акционерско друштво за остварување на средства за финансирање на своите активности утврдени со Статутот.

Член 8

Обврски на клубовите во МСКФ се:

- Редовно да ја плаќаат членарината.
- Да присуствуваат на состаноците.
- Да земат конкретно учество во спроведување на програмата и активностите на МСКФ.
- Да достават писмена Пријава за активност на клубот, на крајот од секоја календарска година;
- Да достават писмена Пријава за организирање натпревар;

Член 9

МСКФ има својство на правно лице со права и обврски за да своите цели, задачи и дејности ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, со овој Статут, како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

Член 10

Името на националната спортска федерација е:

**МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА.**

Скратена форма на Федерацијата е : **МСКФ.**

Член 11

МСКФ дејствува на подрачјето на Република Северна Македонија. Седиштето на МСКФ е на бул. 11ти Октомври 42а, 1000 Скопје.

Член 12

Знакот на МСКФ е во триаголна форма налик на карпа, со качувач во средината. На левиот дел од карпата стои скратеницата МСКФ, а под него пишува Македонска Спортско Качувачка Федерација.

Член 13

МСКФ е правно лице.
МСКФ има печат и штембил.
Печатот на МСКФ е округол. Во средината стои логото, а оддоколу пишува МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА и истиот текст на англиски MACEDONIAN SPORT CLIMBING FEDERATION.
Штембилот е правоаголен на чија горна страна односно прв ред е отпечатен текстот МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА , потоа
Ред број____________________
Место за____________година_________________ и најдолу Скопје.

Член 14

Печатот на МСКФ може да го користи исклучиво Претседателот на МСКФ, а во негово отсуство потпретседателот.

Член 15

Работата на МСКФ е јавна и се остварува преку:

- известување до клубовите членки на МСКФ за работата и постигнатите резултати;
- Правовремено доставување материјал за расправа до органите на МСКФ, и до другите заинтересирани тела и организации;
- со отворени и достапни седници на МСКФ за јавноста;
  со објавување планови, програми, одлуки и акти на МСКФ;

Член 16

МСКФ самостојно и доброволно соработува со IFSC (Меѓународна Спортско Качувачка Федерација-ISFC на англиски), со ОМАА (Обединета Меѓународна Алпска Асоцијација-UIAA на англиски), EUMA (Европска Асоцијација качувачки спортови) и со нив остварува тесна соработка. Сите натпреварувачки и организациски правила на МСКФ се темелат на правилата од IFSC. Во склоп на IFSC натпреварите, МСКФ остварува настапи на Македонската спортско качувачка репрезентација на РСМ.

Член 17

Интересите на МСКФ внатре во IFSC ги застапува делегат од МСКФ. Делегатот мора перфектно да ја познава проблематиката на спортското качување и течно да говори Англиски јазик.

Член 18

МСКФ тесно соработува со сите федерации, асоцијации, комисии и други сродни тела со качувачкиот спорт во Република Северна Македонија и надвор од земјата.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МСКФ И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 19

Темелни цели и задачи на МСКФ се:

- работа во развојот и унапредувањето на аматерското и професионалното спортско качување,
- работа во развојот и унапредување на натпреварувачкото спортско качување и негување на националната лига во спортско качување на вештачка карпа,
- работа во развојот и унапредување на качувањето воопшто на природна и вештачка карпа,
- комплетно организирање на спортското качување на целата територијата на Република Северна Македонија;

Член 20

Во остварување на овие цели, МСКФ ги врши следните должности и задачи:

- го подигнува и усовршува квалитетот на аматерските и професионалните спортски качувачи;
- ги брани интересите на сите членови на МСКФ;
- организира школување и усовршување на сите качувачи, инструктори, судии, местачи на стази и преостанат стручен кадар;
- врши реклама и промоција на аматерското и професионалното спортско качување;
- организира и води контрола на сите натпревари на природна и вештачка карпа во РСМ;
- донесува натпреварувачки правила и правила за организација на натпревари на природна и вештачка карпа;
- се занимава со сите технички аспекти на спортското качување;
- донесува годишен календар на натпревари, семинари и собири;
- води сметка за психофичката спрема на сите натпреварувачи кои се натпреваруваат во и надвор од РСМ;
- испраќа на подготовки и натпревари од светски односно меѓународен карактер;
- формира правилник за категоризација;
- го унапредува информативно издавачкото дејствување преку издавање билтени, водичи, книги, и други стручни публикации;
- обавува и организира други дејности кои допринесуваат за унапредување и ширење на спортското качување;

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Спортските качувачи во РСМ се организираат во здруженија спортско качувачки клубови и качувачки клубови.
Клубовите праќаат по два (2) преставник во претседателството на МСКФ, а право на глас имаат оние клубови каде има спортски качувач со стекнат назив инструктор и минимум еден натпреварувач во младинска категорија и еден натпреварувач во сениорска категорија.

Член 21

Во МСКФ членуваат клубови кои го негуваат спортско качувачкиот спорт на територијата на РСМ.

Член 22

Членувањето во МСКФ е на доброволна основа, а приемот се врши со поднесување на писмено барање. Одлука за прием на членство донесува Собранието на МСКФ, врз основа на барање на спортско качувачкиот клуб.

Член 23

Спортско Качувачки клуб станува член на МСКФ, ако:

- има решение за вршење дејност спорт од органот на управата надлежен за работите од областа на дејноста спорт;
- во клубот членуваат спортски качувачи во најмалку две возрасни категории;
- има најмалку еден спортски качувач инструктор, со лиценца стекната при МСКФ;
- потпише пристапница;
- достави копија од статутот на клубот до МСКФ, кој е во склад со статутот на МСКФ, Законот за спорт и Законот за здруженија на граѓани и фондации;
- да даде изјава дека во целост го прифаќа статутот и другите општи акти на МСКФ;
- уплати годишна членарина во висина утврдена со одлука на претседателството на МСКФ;

Член 24

Со одлука на претседателството на МСКФ по поднесеното писмено барање, новото здружение клуб може да учествува во натпреварите и активностите од календарот на МСКФ и во работата на органите на МСКФ, но без право на глас.

Член 25

Членовите на МСКФ имаат свои статути и други нормативни акти што се во согласност со статутот на МСКФ, Законот за спорт и Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 26

Здруженијата клубови имаат права и обврски:

- по приемот во МСКФ да бараат и добијат решение за вршење дејност спорт, од органот на управата надлежен за работите од областа на дејноста спорт, со што стекнуваат право да учествуваат во работата на собранието на МСКФ и ги имаат сите права и обврски утврдени во статутот и во другите општи акти на МСКФ;
- редовно да ја плаќаат членарината во МСКФ и да обезбедуваат услови за ефикасна работа на МСКФ;
- да учествуваат на сите натпревари и активности што ги организира МСКФ и клубовите;
- преку свои претставници да учествува во работата на органите и телата на МСКФ;
- да водат грижа за школување и надградба на стручните лица;
- да обезбедува услови за тренинг и натпревари на своите членови;
- да организираат спортско качувачки натпревари согласно правилата на Претседателството
- да обезбеди услови за работа на членовите на клубот;
- да соработуваат со комисиите при МКСФ и со селекторот, тренерот на репрезентациите во реализацијата на тренажните активности и настап на репрезентативците од нивниот клуб на натпревари во земјата и надвор од неа.

Член 27

Својството член на МСКФ престанува, ако:

- членот престане да работи;
- на писмено барање на членот;
- со одлука на надлежниот орган на МСКФ;

Престанок на членство во МСКФ се утврдува по предлог на претседателството и со одлука на собранието на МСКФ, кој го брише членот од регистарот на членови на МСКФ.

Одлуката на собранието е конечна.

Член 28

МСКФ од своето членство може да исклучува свои членови кои работат против спортското качување и воопшто против спортско качувачкиот спорт и штетата на неговиот развој во Република Северна Македонија и не ги почитуваат одредбите на овој Статут.

Исклучувањето на клубовите од Регистарот на клубовите, од став 1 на овој член, го врши собранието, на предлог на претседателството.

Член 29

Членот на МСКФ одговара за своите обврски кои настанале пред престанокот на членството во МСКФ.
Со престанокот на членството во МСКФ престанува и мандатот на преставниците на членот во органите на МСКФ.
Со престанување на членството престанува и правото на учество и организирање на спортско качувачки натпревари и активности под покровителство на МСКФ.
Спортските качувачи кои биле членови во клубот на кого му престанува членството, може да се зачленат во друг клуб на МСКФ.

Член 30

Сите спортско качувачки натпревари и активности(собири, семинари, курсеви, маратони) во Република Северна Македонија се организираат според Правилата за спортско качувачки натпревари и активности на Меѓународната Спортско Качувачка Федерација(IFSC) и Правилникот за спортско качувачки натпревари во Република Северна Македонија.

Член 31

Спортско качувачките инструктори и судии во МСКФ, своите права, должности и програми ги реализираат преку соодветни комисии на МСКФ.
Работата на комисиите се регулира со правилници за работа, во кои се утврдени нивните права, обврски, структура и делување.

Член 32

Спортските качувачи и инструкторите се членови на МСКФ преку нивните клубови.
Спортскиот качувач може да се занимава со спортско качувачки активности, аматерски и професионално.
Професионалниот инструктор и спортски качувач со спортско качувачки клуб воспоставува работен однос согласно законските прописи на Република Северна Македонија.

Член 33

Член на здружение спортско качувачки клуб може да стане секој граѓанин на Република Северна Македонија, кој ги прифаќа одредбите од Статутот на клубот.
Член на здружение спортско качувачки клуб може да е и странски државјанин кој живее најмалку 6 месеци непрекинато во Република Северна Македонија и ги прифаќа одредбите од Статутот на клубот.
Одлука за прием на член донесува клубот согласно Статутот.

Член 34

Членството во клубот е доброволно. Спортски качувач може да е член на само еден клуб во една натпреварувачка година.

Спортско качувачки клуб и спортскиот качувач склучуваат, во склад со Законот, договор на најмалку 2(две) години со кој ги регулираат меѓусебните права, обврски и одговорности. Копија од договорот се доставува до Канцеларијата на МСКФ.

Во исклучителни случаи, спогодбено, ако постои согласност помеѓу членот и клубот, спортскиот качувач може да го напушти клубот и да премине во друг клуб.

Член 35

Член на клубот има право на настап на спортско качувачки натпревари по извршена регистрација-подигање натпреварувачка лиценца во МСКФ – Судиска Комисија.

Член 36

Спортско качувачки клуб за извршување на спортско качувачките активности обврзан е да обезбеди услови за безбедно бавење на спортските качувачи со качување, спортско качувачки инструктори, планирање и евиденција на стручната работа, како и водење на базичната евиденција.

Член 37

Тренерската дејност во клубовите може да ја вршат стручни лица со најмалку стекната лиценца спортски качувач инструктор, стекната при МСКФ - Комисија за инструктори спортски качувачи.

Еден ист инструктор не може да биде ангажиран, пријавен, од два клуба, освен ако клубовите имаат потпишано договор за меѓусебна соработка.

Инструкторот работата ја врши аматерски или професионално согласно законите на Република Северна Македонија.

Член 38

Реализацијата на натпреварите во Националната спортско качувачка лига ги организираат здруженија клубовите при МСКФ, согласно Правилникот за организирање натпревари, кои ги донесува IFSC.

За регуларноста на натпреварите се обврзува Судиската комисија.

Судија за натпревар во спортско качување е лице кое има положено испит за судија при МСКФ - Судиска комисија.

Судиите својата функција ја вршат согласно Правилата за спортско качувачки натпревари на Меѓународната Спортско Качувачка Федерација (ISCF).

Судиската комисија на почетокот на годината го објавува регистарот на лиценцирани спортско качувачки судии во Република Северна Македонија.

ОРГАНИ НА МСКФ

Член 39

Органи на МСКФ се:
- Собрание;
- Претседателство на МСКФ;
- Надзорен одбор на МСКФ;
- Претседател на МСКФ;

Член 40

Собранието на МСКФ како највисок орган е составено од по 2 делегати од секое здружение спортско качувачки и качувачки клуб, кој е примено во МСКФ, има добиено решение за вршење дејност спорт од Агенција за млади и спорт на РСМ, потпишале пристапница и кои ќе се ангажираат во остварување на целите и задачите на ова здружение, како и ќе работат во рамките на овој статут, законот и уставот на државата.
Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно. Мандатот на претставниците во Собранието трае 4 години, а истиот може да престане и пред истекот на рокот кој што се избрани во следниве случаи: отповикување со поднесување на оставка на функцијата член на Собранието на МСКФ доколку настапат такви околности поради кои членот не би можел да ја обавува должноста член на МСКФ.

Член 41

Членовите на Претседателството се претставници од:
По 1(еден) делегат од Спортско качувачките и качувачките клубови членки на МСКФ;
Претседателот на Судиска комисија;
Претседателот на Комисијата за спортски качувачи инструктори;
Преставник на натпреварувачите;

Член 42

Седници на собрание свикува претседателот на Собранието.
Седница на собрание се свикува и по предлог на претседателството на МСКФ или 1/3 од вкупниот број членови на собранието.
Ако претседателот на собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува член на претседателството или иницијатори.
Седницата на собрание за работа на претседателството може да се свика и по предлог на надзорната комисија.
Начинот на свикување на седница на Собранието на МСКФ се определува со Деловник за работа на Собранието.

Член 43

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број преставници (или членови).

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните преставници или членови.

Во надлежност на Собранието е следното:

- да го донесува статутот на МСКФ и врши измени и дополнувања на истиот;
- да избира и разрешува членови на Комисиите;
- да усвојува програмска агенда за работа на МСКФ, за период од 4 години, распоредено во годишни програми;
- да го разгледува и усвојува извештајот за работа на комисиите помеѓу две собранија;
- да ја следи матерјално-финансиската состојба на МСКФ помеѓу две собранија;
- да донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на МСКФ;
- да расправа за постигнати резултати од развојот на МСКФ и дава насоки за натамошен развој на МКСФ;
- да донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на МСКФ;
- да одлучува за основање на трговски друштва;
- да врши други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Член 44

Спортските качувачи во РСМ се организираат во спортско качувачки клубови и качувачки клубови.

Клубовите праќаат по (2)(два) делегат во претседателството на МСКФ, а право на глас имаат оние клубови каде има спортски качувач со стекнат назив инструктор и минимум еден натпреварувач во младинска категорија и еден натпреварувач во сениорска категорија.

Член 45

Заради ефикасност во работата на МСКФ може да се формираат комисии. Комисиите можат да бидат од привремен и траен карактер. Преставникот од секоја комисија е член на претседателството на МСКФ. Преставникот односно претседателот на комисијата учествува во работата на Претседателството, но нема право на глас при донесување одлуки.

Секоја комисија работи според свој правилник, кој е одобрен односно го донесува Комисијата.

Во рамките на МСКФ постојат следните комисии и нивните цели и задачи се:

1. Судиска комисија - која ги обединува сите лиценцирани судии и се грижи за едукација преку семинари, курсеви на судии на натпревари во спортско

качување во сите три дисциплини-водство, болдер и брзинско и натпреварите на природна карпа. Таа има претседател кој раководи со комисијата, организира семинари, курсеви и полагање за стекнување назив судија на натпревар, потоа ги организира и распоредува судиите на натпреварите во националната лига во спортско качување, издава правилник на судии, ги штити и негува натпреварувачките правила, ја издава и контролира годишната натпреварувачката ранг листата.

2.Комисија за инструктори - која ги обединува спортските качувачи инструктори, тренери и инструктори водичи на природна карпа при МСКФ на Р.С.М, се грижи за нивна едукација преку семинари и курсеви за инструктори. Таа има претседател кој раководи со комисијата, организира семинари, курсеви. Еднаш годишно организира собир на инструктори каде се проверува моменталната подготвеност на инструкторите. Потоа издава правилници, публикации и лиценци за безбедно и професионално работење во спортското качување и за работата на инструкторите на вештачка и природна карпа.

Исто така во склоп на комисијата е подкомисија за качувачки локалитети.

Према потребата, МСКФ може да повика однадвор соработници заради нивна професионалност и ефикасност.

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

### Член 47

Бројот на членовите во претседателството е одреден според член 39.
Мандатот на членовите во претседателството трае четири(4) години, а се потврдува секоја година на првиот состанок на МСКФ.

### Член 48

Преставникот во претседателството на МСКФ ги има следните права и должности:

- Учествува во работата на претседателството и во другите органи во кој е биран, на начин на кој започнува расправи и завзема став на прашања од делокругот на работата на претседателството, односно на органите од каде е и член;
- Учествува во разгледување на сите акти кои ги предлага Претседателството и предлага заклучоци;
- Покренува постапки за измени и дополни на актите на Федерацијата;
- Ги извршува задачите утврдени со одлука на Претседателството на МСКФ;

### Член 49

Правилникот за работа на претседателството содржи прашања во врска со свикување, верификување мандати на преставниците, начин на раководење со

седниците, како и други прашања кои се од значење за работата на Претседателството на МСКФ.

Член 50

Седницата на претседателството се одржува најмалку еднаш годишно и тоа на крајот и на почетокот од годината. Седницата ја свикува претседателот, најкасно десет дена пред нејзиното одржување со објавување на дневниот ред, место и време на одржување, односно доставување на соодветен матерјал.
Седницата мора да се свика :

- врз основа на заклучоците од комисиите;
- врз основ на активности;
- на барање на повеќе од 1/3 преставници од Претседателството.

Член 51

Претседателството предлага и донесува одлуки само ако се присутни повеќе од половина преставници на претседателството.

Член 52

Претседателството на МСКФ одлучува со повеќе гласови во случај на:

- утврдување на основната програмската ориентација на МСКФ, среднорочен план на развој и годишен календар на активности на МСКФ;
- предлага правилник на МСКФ или негови измени;
- предлага финансиски план на МСКФ или предлага усвојување на финансиската состојба,
- предлага претседател на МСКФ;
- предлага бирање или разрешување на члeновите на МСКФ;

Член 53

Претседателството донесува одлуки со јавно гласање, освен тогаш кога претседателот на МСКФ одлучил гласањето да биде тајно.
Претседалството е надлежно за да:

- предлага измена на Правилникот и други општи акти на МСКФ, како и нивна измена и дополна, освен оние од надлежноста на МСКФ;
- предлага среднорочен план за развој и годишен план за работа;
- предлага финансиски план и ја усвојува завршната финансиска сметка на МСКФ;
- предлага членови на МСКФ и претседател на МСКФ;
- предлага промена на името на МСКФ;
- предлага одлуки за престанок на работата на МСКФ или нејзино здружување со други спортски организации;
- одлучува за исклучување на членови од МСКФ;
- ја разгледува и ја оценува работата на МСКФ;
- предлага делагат за во IFSC.

Член 54

Седницата на претседателството може да има и свечен карактер, по повод некои значајни случувања за МСКФ.

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 55

Заради извршување на статураните, програмски задачи и одлуки на собранието и претседателството, претседателството формира надзорен одбор и други работни тела.

Надзорен одбор е составен од 3 члена кои ги избира собранието со мандат од 4 години.

Членовите на Надзорниот одбор не можат да бидат членови на други органи и тела во МСКФ.

Надзорниот одбор врши контрола над спроведување на одредбите на овој статут и контрола за наменско располагање со средствата и приходите на МСКФ.

Своите наоди и одлуки Надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Претседателството.

Член 56

Судот на честа преставува посебен орган на МСКФ и работи по посебен Правилник, кој го донесува МСКФ.

Се состои од 3 членови и двајца заменици.

Членовите на судот помеѓу себе бираат претседател со мандат од 4 години.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 57

Претседателот го избира собранието.

Претседателот на МСКФ се бира на период од 4(четири) години со можност за повторен избор, но не повеќе од 2 пати последователно. Членовите на органот на управување и Генералниот Секретар не смее да се во роднинска врска по сите линии до втор степен со Претседателот на Федерацијата, ниту пак, нивни компании да се капитално или управувачки поврзани.

Претседателот за својата работа одговара пред собранието на МСКФ.

Претседателот на МСКФ е претседател на претседателството на МСКФ и истовремено претседател на собранието на МСКФ, кој го застапува и преставува пред други лица.

Член 58

Претседателот на МСКФ ги има следниве обврски и задолженија:

- го преставува МСКФ;

- раководи со работата на  МСКФ и ги ускладува активностите на органите на  МСКФ;
- ги утврдува предлозите и актите кои ги носи Претседателството на  МКСФ;
- ја следи политиката која ја води претседателството на  МСКФ;
- организира, насочува и врши координација со надлежните институции за развојот на спортот;
- остварува тесна соработка со другите спортски федерации во РСМ;
- остварува соработка со Меѓународни спортски федерации и Асоцијации;
- предлага подпретседател и генерален секретар на  МСКФ;

ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 59

МСКФ има еден потпретседател кој се бира на предлог на Претседателот од редовите на Претседателството на  МСКФ.

Потпретседателот ја заменува работата на претседателот за време на негово одсуство ако е подолго од 2 месеци.

Мандатот на подпретседателот е 4(четири) години со можност за повторен реизбор.

За време на замена на претседателот, потпретседателот ги има сите задолженија и обврски што ги има и претседателот утврдени со статутот на МСКФ.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Член 60

За Генерален секретар може да биде именувано лице кое покрај општите работни услови ги исполнува и условите предвидени во Законот за спорт, има организаторски способности, соодветни резултати како стручно лице во спортот и ги исполнува дополнителните критериуми кои се подготвени и усвоени од страна на претседателството.

Генералниот секретар е самостоен во својата работа, а за истата одговара пред Претседателот на Федерациата.

Мандатот на генералниот секретар е 4(четири) години со можност за повторен реизбор.

Генералниот секретар на  МСКФ ги има следниве обврски и задолженија:

- ја застапува МСКФ во границите на овластувавата добиени од страна на Претседателот;
- ги заменува Претседателот и потпретседателот на МСКФ со претходно добиено овластување од страна на Претседателот;

- се грижи за организирање на работата на претседателството и Надзорниот одбор на МСКФ;
- се грижи за извршување на заклучоците и одлуките на претседателството на МСКФ;
- соработува со Агенциата за млади и спорт и Олимписки Комитет на С. Македонија;
- се грижи за известување на јавноста за работата на МСКФ
- се се грижи за подготвување на нацртите и предлозите на програмите, финансискиот план, завршната сметка и другите документи што ги донесува претседателството и Надзорниот одбор;

  извршува и други обврски утврдени со закон и одлуки на претседателството.

ДРЖАВНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 61

Националната државна Репрезентација ја преставува Република Северна Македонија на сите Меѓународни натпревари. Бројот на членовите на репрезентацијата се одредува според нормите на IFSC квотата.

Националната државна репрезентација има приоритет при прераспределба на финансиските средства.

Член 62

Националниот спортско качувачки репрезентативец е должен да:

- чесно, верно и во спортски дух ги брани боите на својата татковина;
- ги почитува и извршува одлуките на тренерот и државниот селектор;
- на натпреварите да го носи државниот дрес и облека пропишана од МСКФ;
- да ги почитува правилата на  МСКФ и IFSC;
- да ги исполнува сите утврдени обврски;

ДРЖАВЕН СЕЛЕКТОР

Член 63

Државниот селектор го избира  МСКФ со мандат од 4(четири) години, со потврда на мандатот секоја година на првиот состанок на  МСКФ.

Државниот селектор е одговорен за:

- составување на државната репрезенатација;
- процена на психофизичката подготвеност на репрезентацијата;
- постојано пратење на работата на кандидатите за репрезентација;
- активно водење подготовки на репрезентацијата и учество на репрезентацијата на натпреварите;

редовно го известува МСКФ за својата работа и ја изработува сета потребна документација за репрезентацијата, нејзините подготовки и настапи на натпреварите, како и за сите потенцијални кандидати кои ги прати. Член 64
Државниот селектор за својата работа е одговорен пред Претседателот на МСКФ и пред самото Здружение МСКФ.

ТРЕНЕР НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 65

Тренерот на репрезентација го одредува МСКФ со мандат од 4(четири) години, со потврда секоја година на првиот состанок на МСКФ. Тренерот на репрезентацијата е одговорен пред државниот селекторот и пред МСКФ.

Член 66

Должности на тренерот на државната репрезентацијата се:

- унапредување на психофизичките способности на репрезентативците;
- кондициска и сета преостаната психофизичка подготовка на репрезенатцијата за натпреварите;
- изработува распоред на тренингот на државната репрезентација.

ВОДИЧ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

Член 67

Водичот/те на репрезентација ги одредува МСКФ со мандат од 4(четири) години, со потврда секоја година на првиот состанок на МСКФ. Водичот на репрезентацијата за својата работа е одговорен пред МСКФ.

Член 68

Водичот на репрезентацијата:

- ги застапува интересите на репрезентацијата на пат и за време на натпреварите;
- присуствува на сите состаноци на Организацискиот одбор на натпреварот, кои се поврзани со натпреварот;
- единствен посредник е помеѓу репрезентацијата и меѓународното жири;
- присуствува на технички состанок;
- одговорен е за дресот на репрезентацијата и за односот помеѓу членовите на репрезентацијата;
- се грижи за навремено доаѓање на натпреварувачите на стартот, прописно облечени и опремени;
- може да учествува на состанокот на судиите на насоката, но без право на глас;
- единствен е кој има право да поднесе писмена жалба, доведувајќи ги во сомнеж одлуките на IFSC жирито;
- единствен кој може да добие резултати за време на натпреварот.

Член 69

Водичот на репрезенатцијата мора:

- да поседува одлично познавање на организациските и натпреварувачките IFSC правила ;
- течно да говори англиски јазик.

НАТПРЕВАРУВАЧИ И НАТПРЕВАРИ

Член 70

Сите видови качувачки натпревари потврдени од МСКФ, се организираат посебно како машки и посебно како женски натпревари.
Организирани се во државната спортско качувачка лига и тоа:

- локални и регионални натпревари на вештачка карпа,
- државно првенство, државни купови и мастерс купови.

Во склад со бројот на натпреварите се составува систем на бодување.

Член 71

Сите натпреварувачи мора да бидат регистрирани во својата матична здружение-клубот, кои се должни податоците од регистрацијата да ги испратат на МСКФ.
МСКФ издава државна спортско качувачка лиценца, која се обновува секоја година.
На натпреварите секој натпреварувач мора да поседува потврдена лиценца за таа натпреварувачка година, членска книшка од клубот каде пишува со каков назив се стекнал и поминат лекарски преглед на спортска медицина со одобрение за бавење со спорт.
Нерегистриран натпреварувач не може да натпреварува на натпреварите.
МСКФ ги наплаќа трошоците за издавање лиценца.

Член 72

Секој натпреварувач или неговото здружение-клуб должни се на организаторот на натпреварот во Државната лига да му платат стартнина.

Член 73

Натпреварувачот мора:

- одлично да ги познава правилата по кои ќе се натпреварува;
- на време да се пријави во изолационата зона и да ги слуша известувањата од техничкиот персонал;
- да ја провери пред стартот својата опрема во склад со правилата за сигурност;
- да учествува во церемониите на отворање и затворање на натпреварот и доделувањето награди;

- да присуствува на прес конференции на кои е повикан;
- да го носи државниот дрес;
- да не користи било какви недозволени стимуланси и наркотици.
- да се однесува према судиите коректно и со големо почитување.

Во случај натпреварувачот да не ги почитува било кои од горе наведените обврски, автоматски ќе биде дисквалификуван од тој натпревар, а за понатомошното негово учество и околу неговите дисциплински мерки ќе одлучи Дисциплинската комисија при МСКФ.

Член 74

На крајот од секоја натпреварувачка сезона се прогласуваат победници во лигата од секоја старосна категорија . На нив МСКФ им доделува пехари и по можност други матерјални награди.

## ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

Член 75

Ја сочинуваат 3(три) члена, а ги бира претседателството во рок од 2(две) години.

Член 76

Поради неспортско однесување, недисциплина или неисполнување на обврските, членовите на МСКФ и натпреварувачите можат да бидат казнети со следните казни:

- опомена;
- забрана за учество на активностите на одредено време;
- исклучување од МСКФ, односно од членувањето;

Начинот на покренување на постапките и изречување на казните е одреден со правилникот на Дисциплинската комисија при МСКФ.

Член 77

Во дисциплинска постапка орган од прв степен е Дисциплинската комисија, а од втор степен е Федерацијата. Одлуката за исклучување од членството и од Федерацијата го донесува претседателството на МСКФ.

## МАТЕРЈАЛНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 78

МСКФ ги остварува своите финансиски средства за својата редовна активност преку:

- редовните средства кои и ги дава Агенцијата за Млади и Спорт;

- собирање членарина и од прилог на членовите;
- организирање спортски, забавни и други манифестации;
- средства кои се остваруваат од игри на среќа;
- реклами, промоции и маркетинг;
- помош на некоја фирма(спонзорство-покровителство);
- средства кои се остваруваат со вршење висинска работа;
- преостанат приход добиен и дозволен со законот на РСМ;

Член 79

Финансиското матерјално работење на МСКФ се врши по позитивен пат на финансиско-матерјално работење. Сите приходи и расходи на МСКФ се предвидени со годишен финансиски план, кој према потребата во текот на годината може да се менува.

Член 80

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на МСКФ, согласно надлежностите утврдени со овој статут, кои превземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 81

Налог за исплата на средствата го одобрува претседателот према утврдени одлуки на МСКФ. Секој налог или одлука за исплата мора да биде заверен со потпис и печат на МСКФ.

Член 82

МСКФ донесува годишен финансов план за приходите и расходите.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 71 од статутот, како и расходите за општествена активност, за плати на вработените, за заедничката потрошувачка на вработените, за материјални трошоци за работа на МСКФ и други расходи поврзани со работа.

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 83

Заради стимулирање за постигнување успех и според заслугите за развојот на качувањето,  МСКФ доделува признанија и награди на најдобрите поединци или организации со кои успешно соработува. Признанието се доделува во облик на признание, благодарница, диплома, плакета или во облик на подарок.
Критериумот за доделувањето и начинот на доделување на признанието или наградата го утврдува претседателството на  МСКФ.

## ПРЕСТАНОК НА МСКФ

### Член 84

МСКФ престанува со својата работа:

- на предлог на Претседателството на МСКФ;
- ако делува спротивно на прописите и правилата или не ги исполнува условите поради која е основана;

За престанокот на  МСКФ одлучува собранието на  МСКФ, а имовината на  МСКФ ја превземаат клубовите.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 85

Правилникот на  МСКФ го предлага претседателството на  МСКФ, а се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број преставници на Претседателството, со предходно спроведена постапка со јавна расправа.

### Член 86

Нацрт предлог статутот го утврдува претседателството на  МСКФ и го упатува на расправа кај клубовите од  МСКФ. По истекот на рокот за расправа, поминувајќи од предлог, примедба и мислење на нацрт статутот,  МСКФ го утврдува предлог статутот и го доставува на гласање на претседателството на МСКФ, со обврска да на доставените примедби и мислења на начин кој одговара да се известат нивните подносители и претседателството на  МСКФ.

### Член 87

Сите комисии и преостанати органи на  МСКФ се должни да достават свои нормативни акти во склад со донесениот Статут и тоа во рок од 60 дена од денот на стапување во сила на Статутот.

### Член 88

Статутот стапува на сила на денот на неговото донесување.

Измени и дополни на овој статут се вршат на начин и постапка предвидена за неговото донесување.

Член 89

Толкување на одредбите од Статутот ги дава претседателството на МСКФ.

Претседател

24.01. 2024, Скопје

Лазар Петковски